МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 67-а став (2) од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија„ бр.29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11 и 148/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕИЗДАВАЊЕ НА ЈАВНО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ГИ ИСПОЛНУВААТ УСЛОВИТЕ ВО ОДНОС НА СТРУЧНИОТ КАДАР, ПРОСТОРНИТЕ И ТЕХНИЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ОДНОСНО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЈАВНО ОВЛАСТУВАЊЕ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради неиздавање на јавно овластување на правни и физички лица кои ги исполнуваат условите во однос на стручниот кадар, просторните и техничките капацитети односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на јавно овластување во рокот утврден во член 67 став (4) од Законот за здравјето на растенијата.

**Член 2**

(1) Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец: „ Барање заради неиздавање на јавно овластување на правни и физички лица кои ги исполнуваат условите во однос на стручниот кадар, просторните и техничките капацитети односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на јавно овластување “ во формат А-4 во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лице-подносител на барањето, седиште на правното лице односно име на физичкото лице-подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето, датум и место за потпис на подносителот на барањето.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија„.

Бр. 02-13038
16декември2011 година
Скопје

Министер,
Љупчо Димовски, с.р.

Прилог

ДО
Писарницата на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство

Б А Р А Њ Е
заради неиздавање на дозвола за давање јавни услуги од областа на здравјето на растенијата односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за давање јавни услуги од областа на здравјето на растенијата

Од_____________________________________________________________________
(назив на правното лице/име и презиме на физичкото лице-подносител на барањето)

_______________________________________________________________________
( седиште на правното лице/адреса на физичкото лице-подносител на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам согласно рокот утврден во член 65-а став (3) од Законот за здравјето на растенијата министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да постапи по барањето за издавање на дозвола за давање јавни услуги од областа на здравјето на растенијата поднесено под број ___________________ од ______________ до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, чија копија ви ја доставувам во прилог.

.

Датум и место на поднесување ______________________________

Барател ___________________.